Архивски знак:
Shenja ark:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20 година viti
Потпис
Nënshkrimi

Врз основа на член 21 став (1) алинеја 9 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) (Службен весник на Република Северна Македонија број 64/2024 и 37/2025), а во согласност со Општиот колективен договор за јавниот сектор (Службен весник на РСМ 154/23), в.д директорот на Агенцијата за управување со одземен имот, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА СИСТЕМОТ НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ, ОДМОРИ И ОТСУСТВА ОД РАБОТА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ БЕЗ СТАТУС НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENCIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONË E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 01-1524/1
01.04. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат основите и мерилата за распределба на средствата за плати, надоместоци на плати, надоместоци за определени материјални трошоци и други примања на вработените во Агенцијата за управување со одземен имот кои вршат помошни и технички работи и немаат статус на административни службеници.

**Член 2**

Вработените во Агенцијата кои вршат помошни и технички работи, немаат статус на административни службеници и за прашањата кои се одмесуваат на работниот однос се применуваат Законот за вработените во јавниот сектор, општите прописи за работни односи и колективните договори.

**Член 4**

За извршените работи и задачи вработените без статус на административен службеник имаат право на плата, согласно закон.

Системот на плати и надоместоци за вработените во Агенцијата за управување со одземен имот без статус на административен службеник ќе се регулира со овој Правилник, во согласност со Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор и важечките колективни договори.

## II. СИСТЕМ НА ПЛАТИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ БЕЗ СТАТУС НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

**Член 5**

(1) Основната плата на работникот без статус на административен службеник се состои од:

- Минимална плата ,
- Дел од плата за работна успешност
- Дел на плата за стаж.

(2) Минималната плата се утврдува со Законот за минимална плата во Република Северна Македонија.

(3) Работната успешност на работникот се определува земајќи ја во предвид сложеноста, квалитетот и обемот на вршењето на работата за која што работникот го склучил договорот за работа.

(4) Делот на плата за работниот стаж се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата и делот од плата за работна успешност за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Член 6**

(1) Со делот од плата за работната успешност се обезбедува вреднување на секое работно место, видот и обемот на работата, сложеноста и одговорноста за извршување и тоа:

| Ред. бр. | РАБОТНО МЕСТО | Број на бодови |
|---|---|---|
| 1. | Помошно техничко лице -Возач | 1 |
| 2. | Помошно техничко лице -чувар II | 1 |
| 3. | Помошно техничко лице -чувар III | 0 |
| 4 | Помошно техничко лице - хигиеничар | 1 |

| | РАБОТНО МЕСТО | **Бодови на работната успешност** |
|---|---|---|
| | | Обем на вршење на работа согласно овластување за сложеност и одговорност |
| 1. | Помошно техничко лице -Возач | 69 |
| 2. | Пом.техн.лице-чуварII-III соовластување | 39 |
| 3. | Помошно техничко лице -чувар II | 10 |
| 4 | Помошно техничко лице -чувар III | 10 |
| 5 | Помошно техничко лице - хигиеничар | 10 |

**Член 7**

(1) Врз основа на решението за распоредување на работниците без статус на административни службеници, за извршување на работните задачи утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот, се донесува решение за плата, согласно овој Правилник.

**Член 8**

(1) Вредноста на бодот за платата на вработените без статус на административни службеници е ист како и вредноста на бодот за административни службеници, донесен од страна на ВРСМ, а во согласност со позитивните законски прописи и во рамка на обезбедените средства за плати од буџетот на Република Северна Македонија.

**Член 9**

(1)Платата се исплатува за периоди кои не смеат да бидат подолги од еден месец.
(2)Трошоците во врска со исплата на платата се на товар на работодавачот

**Член 10**

(1) Работодавачот е должен да му издаде на работникот писмена пресметка за исплатената месечна плата, придонесите од плата и надоместоците од плата, како и до 31 Јануари на новата календарска година да му издаде писмена пресметка на плата од која се гледа плаќањето на даноците и придонесите на плата во претходната година.

## III. ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА

**Член 11**

(1) Работникот има право на додаток на плата за посебни услови за работа, доколку работите ги врши по налог на непосредно претпоставен раководител а по одобрение на директорот на Агенцијата,

- Прекувремена работа
- ноќна работа;
- работа во смени
- работа во недела
- работа за време на празници утврдени со закон или друг пропис.

(2) Додатоците на плата од став 1 на овој член не се исклучуваат

**Член 12**

(1) Додатокот на плата за ноќна работа се вреднува во износ од 35% од износот на основната плата, по час.

**Член 13**

(1) За работа во денови на празници и за работа во ден на неделен одмор, утврдени со закон или друг пропис работникот има право на надоместок на плата кој се вреднува во износ од 50% од износот на основната плата.

(2) За работа во смени, работникот има право на надоместок на плата кој се вреднува во износ од 5% од износот на основната плата.

**Член 14**

(1) Работникот има право на додаток на плата ако работи подолго од полното работно време и тоа во висина од 35 % од износот на основната плата, доколку работел по налог на претпоставен раководител.

(2) Работникот кој работел подолго од полното работно време, додатокот од став 1 на овој член има право да го замени со слободни часови, односно денови.

**Член 15**

(1) Работникот има право на плата за време на:

- време на привремена неспособност за работа поради болест и повреда, согласно закон;
- годишен одмор;
-оправдано отсуство од работа;
-време на прекин на работниот процес о причини од страна на работодавачот и виша сила;
- празници и неработни денови утврдени со закон или друг пропис;
- дообразование, стручно оспособување и преквалификација, односно доквалификација согласно со потребата на работодавецот;
- полагање испити за дообразование и стручно оспособување на работникот, заради сопствен интерес;
- синдикално образование и
-време на отказен рок
- и други случаи

(2) Надоместокот на плата на работникот во случаите утврдени со закон и колективен договор, се утврдува во висина на исплатената плата на работникот за период кој не може да биде подолг од последните три месеци.

**Член 16**

(1) Работникот има право на плата во висина од 60% од платата што ја примил претходниот месец:

- за време на штрајк;
- додека трае суспендурање по основ на дисциплинска постапка.

**Член 17**

(1) За време на привремена неспособност за работа поради болест или повреда, до 7 дена работникот има право на надоместок на плата во висина од 70%, до 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето 80% и за период над 30 дена 90% од нето платата на работникот исплатена во претходниот месец.

(2) За професионални заболувања и повреди на работа, за дарување крв и за други случаи утврдени со закон, надоместокот се утврдува во висина од 100% од основицата.

**Член 18**

(1) Вработените без статус на административни службеници имаат право и на други надоместоци на трошоци поврзани со работата и тоа:

- трошоци за одвоен живот од семејството;
- трошоци за селидба во друго населено место, за потребите на работодавачот;
- трошоци за работа на терен (сместувување, исхрана и сл);
- трошоци за погреб во случај на смрт на вработен или член на неговото потесно семејство, согласно закон;
- за претрпена штета при елементарни непогоди;
- за непрекинато боледување на работникот подолго од 6 месеци;
- испратнина при заминување во пензија;
- за јубилејни награди
- трошоци за користење на мобилен телефон за службени цели.

(2) Висината на надоместоците од став 1 алинеа 1 - 9 се утврдува на годишно ниво со закон за извршување на Буџетот.

(3) Висината на надоместоците од став 1 алинеа 10 се утврдува со посебен акт донесен од директорот на Агенцијата за управување со одземен имот.

## IV. ОДМОРИ И ОТСУСТВА

**Член 19**

(1) Вработените без статус на административни службеници во Агенцијата за управување со одземен имот, имаат право на одмори и отсуства и тоа:

- за време на дневното работно време, пауза во траење од 30 минути;
- одмор помеѓу два последователни работни дена во непрекинато траење од најмалку 12 часа;
- неделен одмор во траење од најмалку 24 часа непрекинато.
- Ден на неделен одмор по правило е недела, а заради објективни, технички и организациони причини, на вработените може да им се обезбеди неделен одмор во некој друг ден во неделата.

**Член 20**

(1) Вработените без статус на административни службеници имаат право на годишен одмор во траење од најмалку 20 и најмногу 26 работни дена.

(2) Повозрасни работници ( повозрасни од 57 години жени и 59 години мажи), инвалиди, работници со најмалку 60% телесно оштетување и работник кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток има право на уште три работни дена годишен одмор.

(3) Празниците, саботите и неделите, слободните денови, отсуство поради боледување како и други случаи на оправдано отсуство од работа не се пресметуваат во деновите на годишниот одмор.

**Член 21**

(1) Траењето на годишниот одмор во рамките на законски определениот минимум и максимум се определува според следните критериуми:

- Должина на работен стаж, најмногу до три дена:
    1. над една година до 10 години работен стаж плус еден (1) работен ден;
    2. над десет(10) години до дваесет (20) години работен стаж плус еден (1) работен ден и
    3. над дваесет (20) години работен стаж плус едн (1) работен ден.
- Сложеност на работа, согласно нивото на степенот на образование:
    1. Работи од I-III степен на сложеност – 1 работен ден;
    2. Работи од IV-V степен на сложеност – 2 работни дена;
    3. Работи од VI-VIII степен на сложеност – 3 работни дена.

(2) Работникот кој според наведените критериуми остварува право на одмор подолго од 26 дена, може да користи годишен одмор во траење од најмногу 26 работни дена.

**Член 22**

(1) Вработените стекнуваат право на цел годишен одмор кога ќе остврат непрекината работа од најмалку 6 месеци во тековната година.

(2) Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година или во два дела при што првиот дел мора да трае најмалку 10 работни дена.

(3) Работникот има право три дена од годишниот одмор да ги искористи во денови кој што самиот ќе ги определи за што мора да го извести работодавачот најдоцна 3 работни дена пред користењето.

(4) Должината и начинот на користење на годишниот одмор го определува директорот на Агенцијата.

(5) Директорот на Агенцијата е должен на варботените да им издаде решение за правото на користење на годишен одмор.

**Член 23**

(1) Вработените без статус на административни службеници имаат право на отсуство од работа со надомест на плата во траење до 7 работни дена во текот на годината, во следните случаи:

| | |
|---|---|
| - за склучување брак | 5 работни дена |
| - за склучување брак на дете | 3 работни дена |
| - за раѓање или посвојување на дете | 3 работни дена |
| - за смрт на сопружник или дете | 5 работни дена |
| - за смрт на родител, брат, сестра, | 3 работни дена |
| - за смрт на родител на сопружник | 2 работни дена |
| - за смрт на дедо или баба | 1 работен ден |
| - за полагање на стручен или друг испит | 3 работни дена |
| - за селидба на семејство од едно во друго место | 3 работни дена |
| - за штети од елементарни непогоди до | 5 работни дена |
| - за прв ден на прваче | 1 работен ден |

- доброволно дарување на крв – денот на дарување крв и 2 последователни работни дена.

(2) Отсуството од работа во смисла на став 1 на овој член се користи во деновите на траењето на основот.

**Член 24**

(1) Вработените без статус на административни службеници имаат право на неплатено отсуство во случаи и траење утврдени со Законот за административни службеници и општите прописи за работните односи.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 25**

(1) Со влегувањето во сила на овој Правилник престануваат да важат одредбите од Правилникот за плати во Агенцијата за управување со одземен имот бр.03 – 82/3 од 15.05.2009 година.

**Член 32**

(1) Овој Правилник влегува во сила на денот на неговото донесување,а ќе се применува со исплата на плата за месец Март 2025 година.

Бр. 01-1524/1 од 01.04.2025
Скопје

**В.Д. Директор на**
**Агенција за управување со одземен имот**
**Ирена Илиевска**